CBIB - Cross Border Institution Building

Zmaj Jovina7/1
Belgrade
SERBIA

Phone: + 381 11 26 36 429
+ 381 11 26 37 294
+ 381 11 26 37 116
Fax: + 381 11 26 37 914
www.cbib-eu.org

**Date:** June 26th, 2008
**Source:** Fministry of Local Self-Government, the former Yugoslav Republic of Macedonia

СООПШТЕНИЈА

## ФОРУМ ЗА ПРЕКУГРАНИЧНА СОРАБОТКА

**Објава:** 26.06.2008

Да се утврдат приоритетите за прекугранична соработка, тие да се програмираат согласно стандардите на ЕУ, за што локалните администрации треба да бидат добро обучени, да се усогласат во двата региона од земјите соседи кои треба заеднички да ги реализираат и да се имплементираат согласно праксата на Унијата. Ова се насоките по кои треба да работат пограничните региони од земјите од Западен Балкан доколку сакаат да аплицираат за средства од финансискиот инструмент ИПА на Европската комисија наменети за прекугранична соработка.

- Земјите од Западен Балкан немаат специфични проблеми во насока на планирањето и програмирањето вакви проекти, со какви не се соочиле и другите земји пред да станат членки на Унијата. Но, со оглед на тоа што прекуграничната соработка е комплексно прашање во кое се вклучени две држави треба да постои постојана обука на администрацијата со цел полесно да се надминуваат проблемите со кои ќе се соочуваат во тек на подготовката и спроведувањето на проектите, истакна Џанантонио Балете од Директоратот за проширување на ЕК на денешната прес-конференција што се одржа во рамките на Вториот регионален форум за прекугранична соработка во Западен Балкан.

Целта на Форумот е да се разменат искуствата и информациите од оваа област, како и да се разговара за детали околу управувањето на програмите за прекугранична соработка, формирањето и работата на заедничките меѓудржавни тела за управување и спроведување на програмите.

Првото аплицирање за средства од ИПА фондовите на ЕК, како што појасни Балете, ќе биде во август годинава, кога ќе може да се каже колку биле успешни одредени региони во подготовката и програмирањето на проектите.

Според државниот советник во Секретаријатот за европски прашања на Република Македонија Малинка Ристевска Јорданова, и подготовките, но и реализацијата на проектите треба да се изведе по стандардите воспоставени во ЕУ, со цел тие да бидат успешно спроведени. Некогаш средствата за одредени проекти, додаде таа, може да бидат и помали, но да имаат голема корист за заедницата.

Таа посочи дека Македонија веќе има искуства со реализација на вакви проекти за прекугранична соработка, но оти тие биле реализирани во најголем дел со средства од КАРДС Програмата и ИНТЕРЕГ.

Евроамбасадорот Ерван Фуере истакна дека земјите од Западен Балкан треба да ги следат примерите на земјите кои веќе го поминале овој пат, посочувајќи ја притоа Словенија која пред да стане членка на ЕУ успешно ги реализирала ваквите проекти. Тој изрази надеж дека и Македонија ќе биде успешна колку и Словенија во искористувањето на овие средства, посочувајќи дека за вакви проекти со Албанија се предвидени 6,9 милиони евра и за со Грција и Бугарија по околу 3,5 милиони евра.

На Форумот се очекува да се донесат и препораки за процесот и објавувањето повици за проекти во кои ќе учествуваат локални претставници од пограничните области утврдени со програмите.
Програми за прекугранична соработка се спроведуваат во сите држави на Западен Балкан. Тие се поддржани од Европската комисија преку финансискиот инструмент ИПА компонента 2. Во секоја држава Европската комисија обезбедува техничка поддршка преку проектот „Јакнење на институциите за прекугранична соработка".

[ Назад ]